# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 7<br><br>20.07.2026** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 14 став (1) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21 и 39/25) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 17.07. 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ВО ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

## I. ОСНОВ

Изменувањето и дополнувањето на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година, **број 09-6407/87 , 09.12.2025г**. донесена од Советот на Општина Крива Паланка произлегува од потребата за поддршка на локални иницијативи предложени од рурални жени, согласно Барање бр. 08-3302/1 од 16.06.2026 година, Барање бр. 08-3303/1 од 18.06.2026 година и Барање бр. 08-3304/1 од 18.06.2026 година, поднесени од три неформални групи на жени од селата Мождивњак, Конопница и Станци во Општина Крива Паланка.

Дополнувањето на Програмата е согласно потребата за вклучување на нови активности насочени кон подобрување на условите за живот во руралните средини, поттикнување на активното учество на жените во локалниот развој и унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, обезбедување на директна поддршка на жртвите на родово базирано насилство како и од потребата за усогласување на програмските активности во рамки на Приоритет бр. 5 „Управување со отпад со вклучена родова перспектива“.

## II. ЦЕЛ

### Целта на изменувањето и дополнувањето на Програмата е:

- Унапредување на родовата еднаквост преку поддршка на локални иницијативи предложени и реализирани од неформални групи на жени од рурални населени места, месни заедници во општината.
- Да се подобри квалитетот на живот и безбедноста на жртвите на родово базирано насилство преку обезбедување на итна директна финансиска, материјална и друг вид на подршка, овозможувајќи им пристап до основните услуги и услови за самостојно и достоинствено живеење.

- Воведување иновативни и одржливи решенија во областа на заштитата на животната средина и циркуларната економија со вклучена родова перспектива.

## III. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

**Во Глава II – Приоритети**. **Во приоритет бр. 3** „Економско и социјално зајакнување на жените", се додава нов став 3 кој гласи: Унапредување на родовата еднаквост преку поддршка на локални иницијативи предложени и реализирани од неформални групи на жени од рурални населени места, месни заедници во општината.

**Во Глава II – Приоритети. Во приоритет бр. 4:** Превенција и заштита од родово базирано насилство и дискриминација, се додава нов став 3 кој гласи: Финансиска и друга директна поддршка на жртви на родово базирано насилство

**Во Глава II – Приоритети, Приоритет бр. 5 „Управување со отпад со вклучена родова перспектива", ставот 2:** „Намалување на загадувањето во водите на р. Крива Река со поставување на мрежи за собирање на цврст отпад по течението на реката" **се брише и се заменува со :** „Реката не е депонија – циркуларни решенија за чиста Крива Река", чиј централен елемент е воспоставување на „Еко-Лаб – Жива станица за циркуларна економија", насочена кон подигање на јавната свест, активно учество на жените и младите во заштитата на животната средина и промоција на принципите на циркуларната економија.

**Во глава III - ОСНОВНИ ЗАДАЧИ , Точка 4.** Поддршка на ранливи групи и родово сензитивни услуги **се додава нов став 2:** Материјална и друга директна поддршка на жртви на родово базирано насилство." **Претходниот став 2 станува став 3.**

**Во глава III - ОСНОВНИ ЗАДАЧИ , Точка 5.** Подршка за економско осамостојување на жените **<u>се дополнува со</u>** и активно учество на жените во локалното одлучување и креирање политики за унапредување на родовата еднаквост и квалитетот на живот. **Во точка 5 се додава нов став 2 кој гласи:** Јакнење на економската и социјалната положба на жените од руралните средини со директна подршка на нивните иницијативи а со тоа поттикнување на нивно активно учество во локалниот развој, унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности.

Во табеларниот прилог на програмата – **АКЦИСКИОТ ПЛАН** на оперативната, родово сензитивна буџетска програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година, во **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ 3 : ЕКОНОМСКО И СОЦИЈАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ, се додава нова задача:**

**3.2** Јакнење на економската и социјалната положба на жените од руралните средини со директна подршка на нивните иницијативи а со тоа поттикнување на нивно активно учество во локалниот развој, унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности.

Во делот „Активности“ се **додаваат следните активности:**

**Активност 3.2.1** Поддршка на локална иницијатива на група рурални жени од село Мождивњак за доуредување на јавен простор наменет за рекреација и дружење, со цел создавање побезбедни услови за игра на децата и поквалитетно користење на слободното време од страна на жените и повозрасните жители на селото.

За реализација на активноста 3.2.1 се предвидуваат финансиски средства во вкупен износ 70.000,00 (седумдесет) илјади денари.

**Активност 3.2.2** Поддршка на локална иницијатива на група рурални жени од село Конопница за доуредување на јавен простор во рамки на постојно спортско игралиште, со цел создавање побезбедни услови за игра на децата и простор за дружење и рекреација на жените и останатите жители на селото.

За реализација на активноста 3.2.2 се предвидуваат финансиски средства во вкупен износ 70.000,00 (седумдесет) илјади денари

**Активност 3.2.3** Поддршка на локална иницијатива на група рурални жени од село Станци за доуредување на простор наменет за одбележување на селската слава, како и за организирање културни, општествени и други настани,собири и манифестации во селото. За реализација на активноста 3.2.3 се предвидуваат финансиски средства во вкупен износ од 70.000,00 (седумдесет) илјади денари

Во Акцискиот план, во рамки на **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ 4 : се додава нова задача:**

4.2 Навремена, достапна и индивидуализирана директна поддршка за жртвите на семејно и родово базирано насилство.

Во делот „Активности“ се додава нова активност:

**Активност 4.2.1** Обезбедување брза материјална и друга директна поддршка за жртви на семејно и родово базирано насилство, по поднесено барање и согласно нивните моментални индивидуални потреби.

За реализација на активноста 4.2.1 се предвидуваат финансиски средства во вкупен износ од 100.000,00 денари (сто илјади денари).

**Во Акцискиот план во ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ 5 : УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО ВКЛУЧЕНА РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА**

Во насловот Задача /Проект, **точка 5.1**. **ставот 2:** „Намалување на загадувањето во водите на р. Крива Река со поставување на мрежи за собирање на цврст отпад по течението на реката“ **се брише и се заменува со:** „Реката не е депонија – циркуларни решенија за чиста Крива Река“, чиј централен елемент е воспоставување на „Еко-Лаб – Жива станица за циркуларна економија“, насочена кон подигање на јавната свест, активно учество на

жените и младите во заштитата на животната средина и промоција на принципите на циркуларната економија.

Во Акцискиот план се **бришат** активностите:

5.1.1 Мапирање на критични точки за поставување на решетките на соодветни локации

5.1.2 Консултација со локалното население со фокус на вклученоста на жените, девојчињата и ранливите групи во процесот преку форуми, анкети, јавни дебати и директна комуникација)

5.1.3 Мапирање на најголемите загадувачи и нивна вклученост во целиот процес на спроведување на мерката

5.1.4 Дефинирање на видовите на мрежи за собирање на цврст отпад и на видот на отпад

5.1.5 Техничко поставување на мрежите на соодветни локации

5.1.6 Формирање на мултисекторски и мултиинституционален тим за редовна координација,чистење, одржување и следење на состојбата (во соработка со ЈП Комуналец)

5.1.7 Организирање на информативна и едукативна кампања за одговорно одлагање на отпад и заштита на реката во градинки, училишта

5.1.8 Вклучување на медиумите за зголемување на јавната свест за потребата од чиста вода и чиста животна средина.

5.1.9 Дефинирање на следни чекори за унапредување на мерката во функција на циркуларна економија и намалување на невработеноста на ранливите групи (*пр.Субвенцинирање на самовработување на Ромка за искористување на собраниот отпад и рециклирање;Финансирање на обука за циркуларна економија за самохрана мајка*) **и се заменуваат со**:

**Активност 5.1.1** Подготовка и уредување на локацијата и воспоставување на „Еко-Лаб – Жива станица за циркуларна економија“.

**Активност 5.1.2** Поставување на селективен остров, информативни табли и уметничка инсталација изработена од рециклирани материјали, како едукативен и визуелен елемент за промоција на циркуларната економија и заштитата на Крива Река.

**Активност 5.1.3** Подготовка, печатење и дистрибуција на информативни флаери до домаќинствата преку сметките за вода, како и печатење и дистрибуција на трифолд брошура за правилно управување со отпад, заштита на Крива Река и принципите на циркуларната економија.

**Активност 5.1.4** Реализација на информативно-едукативна кампања „Реката не е депонија – Твојата одлука прави разлика“, вклучувајќи награден конкурс за кратко видео и промоција на наградените видеа

**Активност 5.1.5** Вклучување на Советот на млади во промотивните активности и дистрибуцијата на едукативните материјали, со поттикнување на еднакво учество на жени и мажи, особено на младите, во промоцијата на одржливи практики за управување со отпад и заштита на животната средина.

Предвидените финансиски средства за реализација на активностите од **приоритет 5** не се менуваат и ќе бидат обезбедени од **ПРОЕКТОТ „Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите од Југоисточна Европа,, реализиран од НАЛАС и ЗЕЛС во соработка со Општина Крива Паланка**.

## IV. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Средствата за реализација на активностите од **Приоритет бр. 3** изнесуваат 210.000,00 (двеста и десет илјади) денари и ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година.

Средствата за реализација на активностите од **Приоритет бр. 4** изнесуваат 100.000,00 (сто илјади) денари и ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година.

Средствата за реализација на останатите приоритети и активности од Програмата не се менуваат.

**Во делот на крајот на Акцискиот план – се додаваат два нови става со цел појаснување на буџетот и тоа:**

- **Вкупен износ обезбеден од буџетот на Општина Крива Паланка** од 480 000,00 (четиристотини и осумдесет илјади) денари.
- **Вкупен износ обезбеден од други извори (донатори) кој не е дел од буџетот на општината за 2026г**. од 480 000,00 (четиристотини и осумдесет илјади) денари.
- **Во ставот Вкупен буџет на акцискиот план** се додаваат зборовите **на програмата**, се брише износот од 170 000,00 ( сто и седумдесет илјади ) денари и се заменува со износот **960 000,00** (деветстотини и шеесет илјади) денари.

## V. АКЦИСКИ ПЛАН (ПРИЛОГ 1)

Акцискиот план на **програма за изменување и дополнување на програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година** претставува **составен дел (Прилог) на оваа Програма** и ги содржи измените и дополнувањата на програмата.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма за изменување и дополнување е составен дел на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Крива Паланка за 2026 година и стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3680/3**

**17.07. 2026 година**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Претседател на Совет**
**Миле Трајковски с.р**

**ПРИЛОГ 1**

## АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изменување и дополнување на програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **3** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: ЕКОНОМСКО И СОЦИЈАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ** | | | | |
| **Буџетска програма и конто** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **3.2** Јакнење на економската и социјалната положба на жените од руралните средини со директна подршка на нивните иницијативи | **3.2.1** Поддршка на локална иницијатива на група рурални жени од с. Можднвњак | 2026 | Уреден јавен простор; зголемен број жени кои го користат просторот; подобрени услови за дружење и рекреација;<br><br>-18 жени иницијатори на активноста. | Група на жени од с. Можднвњак | **70.000** |
| | | **3.2.2** Поддршка на локална иницијатива на група рурални жени од с. Конопница | **2026** | Уреден јавен простор; зголемен број жени кои го користат просторот; подобрени услови за дружење и | Група на жени од с. Конопница | **70.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | рекреација;<br>-20 жени иницијатори на активноста. | | |
| | | **3.2.3** Поддршка на локална иницијатива на група рурални жени од с. Станци | **2026** | Уреден јавен простор; зголемен број жени кои го користат просторот; подобрени услови за дружење и рекреација;<br>-28 жени иницијатори на активноста. | Група на жени од с. Конопница | **70.000** |
| | **4** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА** | | | | |
| **Буџетска програма и конто** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **4.2** Обезбедување на брза материјална и друга директна поддршка на жртви на родово базирано насилство согласно нивните моментални индивидуални потреби. | **4.2.1** Обезбедување на материјална и друга директна поддршка на жртви на родово базирано насилство согласно нивните моментални индивидуални потреби. | **2026** | - Подобрен е пристапот на жртвите до основни средства за живот, безбедност и заштита.<br>- Намален е ризикот од повторна виктимизација преку обезбедување итна | Општина Крива Паланка | **100 000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | поддршка за жртвите.<br><br>- Зајакната е способноста на жените и девојките – жртви на родово базирано насилство – да ги задоволат своите основни потреби и да продолжат со процесот на закрепнување | | |
| | **5** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО ВКЛУЧЕНА РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА** | | | | |
| **Буџетска програма и конто** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | 5.1. **Проект „Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите од Југоисточна Европа преку НАЛАС**" – „Реката не е депонија – циркуларни решенија за чиста Крива Река", чиј централен елемент е воспоставување на „Еко-Лаб – Жива | **5.1.1** Подготовка и уредување на локацијата и воспоставување на „Еко-Лаб – Жива станица за циркуларна економија".<br>**5.1.2** Поставување на селективен остров, информативни табли и уметничка инсталација изработена од рециклирани материјали, како едукативен | Прва половина 2026 година | -Воспоставена „Еко-Лаб – Жива станица за циркуларна економија" со селективен остров, информативни табли и уметничка инсталација изработена од рециклирани материјали. | Општина Крива Паланка<br>Координатор за еднакви можности<br>ЈП „Комуналец"<br>Совет на млади<br>НАЛАС и | **480.000,00**<br>Донаторски средства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | станица за циркуларна економија“ | и визуелен елемент за промоција на циркуларната економија и заштитата на Крива Река.<br><br>**5.1.3** Подготовка, печатење и дистрибуција на информативни флаери до домаќинствата преку сметките за вода, како и печатење и дистрибуција на трифолд брошура за правилно управување со отпад, заштита на Крива Река и принципите на циркуларната економија.<br><br>**5.1.4** Реализација на информативно-едукативна кампања „Реката не е депонија – Твојата одлука прави разлика“, вклучувајќи награден конкурс за кратко видео и промоција на наградените видеа<br>**5.1.5** Вклучување на Советот на млади во промотивните активности и дистрибуцијата на едукативните материјали, со поттикнување на еднакво | | -Реализирана информативно-едукативна кампања со активно учество на жени, млади и локалната заедница.<br>-Обезбедено активно учество на жени и мажи во реализацијата и промоцијата на проектните активности (кампања, конкурс и промотивни активности).<br>- Реализирана информативно-едукативна кампања преку дистрибуција на 3.000 информативни флаери до домаќинствата со сметките за вода, 1.500 трифолд брошури и дигитална промоција со родово чувствителни пораки за селекција на отпад, заштита на Крива Река | ЗЕЛС | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | учество на жени и мажи, особено на младите, во промоцијата на одржливи практики за управување со отпад и заштита на животната средина. | | и принципите на циркуларната економија.<br>-Зајакнато учеството на жените и младите во лок. иницијативи за заштита на Ж.С и промоција на родово одговорни локални услуги. | | |
| | **Вкупен износ обезбеден од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026г.** | | | | | **480 000,00** |
| | **Вкупен износ обезбеден од други извори (донатори) кој не е дел од Буџетот на општината за 2026 година.** | | | | | **480 000,00** |
| | **Вкупен Буџет на програмата** | | | | | **960 000,00** |

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година , што Советот ја донесе на 11-та седница, одржана на ден 17.07.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3680/4**
**20.07.2026 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24 ), како и согласно Програмата за активности од областа на образование за 2026 година, бр.09-6407/11 од 09.12.2025 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 17.07.2026 година донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ ОД ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со овој правилник се одредуваат условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка, како и правата и обврските на примателите на стипендии.

Со правилникот за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Правилник) се уредуваат видот и бројот на стипендии што ги доделува Општина Крива Паланка, објавувањето на конкурсот за доделување стипендии, начинот на пријавување на кандидатите за стипендии, условите за добивање на стипендии и други прашања поврзани со доделување на стипендии .

Член 2

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

За доделување на сите видови стипендии одлучува Комисија за спроведување на постапката за доделување на стипендии формирана со Решение донесено од страна на градоначалникот на Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Комисија).

Стипендиите за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка се доделуваат за поединечна учебна година, а врз основа на објавен конкурс.

Доделувањето на сите видови на стипендии уредени подолу е исклучиво право на Општината, кое зависи од можностите на Општината.

Стипендиите можат да бидат само целосни.

Член 3

**ВИДОВИ И БРОЈ НА СТИПЕНДИИ**

Општината доделува два вида стипендии:

- четири стипендии на талентирани студенти и
- четири стипендии на талентирани ученици од средно образование.

Член 4

**УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ**

Право на стипендија имат учениците и студентите кои учат и студираат во училиштата и факултетите во Република Северна Македонија, а ги исполнуват следните услови:

1.**УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

- да се редовни ученици од средно образование

- да се жители на општина Крива Паланка

- да се државјани на Република Северна Македонија

- да имат одличен успех од најмалку 4,50 во последните две учебни години

- да имат освоено прво, второ или трето место/награда во поединечна или екипна конкуренција во последите две учебни години на регионален, државен или меѓународен натпревар доделени од страна на акредитирани здруженија на наставници од страна на Министерство за образование и наука кои организираат натпревари на ученици во област соодветна на образованието

**Критериуми и бодирања**

| | | |
|---|---|---|
| -одличен успех | (4,91-5,00) | 60 бода |
| | (4,81-4,90) | 58 бода |
| | (4,71-4,80) | 56 бода |
| | (4,61-4,70) | 54 бода |
| | (4,50-4,60) | 52 бода |

**Поединечно натпреварување**

- меѓународен натпревар

- прво место/награда 50/49 бода
- второ место/награда 45/44 бода
- трето место/награда 40/39 бода

-државен натпревар

- прво место/награда 35/34 бода
- второ место/награда 30/29 бода
- трето место/награда 25/24 бода

-регионален натпревар

- прво место/награда 20/19 бода
- второ место/награда 17/16 бода

- трето место/награда 15/14 бода
- 

**Екипно натпреварување**

- меѓународен натпревар

- прво место/награда 35/34 бода
- второ место/награда 30/29 бода
- трето место/награда 25/24 бода

-државен натпревар

- прво место/награда 22/21 бода
- второ место/награда 20/19 бода
- трето место/награда 18/17 бода

-регионален натпревар

- прво место/награда 12/11 бода
- второ место/награда 10/9 бода
- трето место/награда 8/7 бода

Дипломи, награди и пофалници, каде нема прецизно утврдено освоено место односно награда како и дипломи/награди освоени пред последните две учебни години нема да се земат во предвид

-бодувања според месечни примања по член на семејство

- до 15 000 денари 20 бода
- од 15 001 до 25 000 денари 15 бода
- од 25 001 до 35 000 денари 10 бода
- над 35 000 денари 5 бода

**2. СТУДЕНТИ**

- да се редовни студенти кои студираат на факултетите во Република Северна Македонија

- да се жители на Општина Крива Паланка

- да се државјани на Република Северна Македонија

-да не повторувале година

-да не се корисници на стипендија или кредит од други установи, институции или компании (доказ писмена изјава од кандидатот)

- да не се постари од 25 години

- да имат просечен успех од најмалку 8,50

- за студентите запишани во прв семестар, прва година на студии да имат одличен успех од најмалку 4,50 во последните две учебни години и да имат освоено прво, второ или трето место/награда во поединечна или екипна конкуренција во последите две учебни години на регионален, државен или меѓународен натпревар доделени од страна на акредитирани здруженија на наставници од страна на Министерство за образование и наука кои организираат натпревари на ученици во област соодветна на образованието

**Критериуми и бодирања**

успех од студии (9.50-10.00) 25 бода

(9.00- 9.49) 20 бода

(8.50-8.99) 15 бода

-бодувања според месечни примања по член на семејство

- до 15 000 денари 20 бода
- од 15 001 до 25 000 денари 15 бода
- од 25 001 до 35 000 денари 10 бода
- над 35 000 денари 5 бода

Член 5

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ**

1.Пријава од апликантите до комисијата при општина Крива Паланка

2.Потврда дека е редовен ученик во тековната учебна година

3.Фотокопии од свидетелства за завршени претходни две години на образование.

4.Потврда за редовно запишан зимски семестар за тековната студиската година

5.Уверение со број на предвидени и положени испити од претходните години за студентите од втора и повисоките години на студии

6.Оригинал диплома и фотокопија од истите за освоена места/награди на регионални, државни и меѓународни натпревари.

7.Потврда за остварени приходи на вработени членови на семејството (за пензионери испратница од пензија) за месеците јуни, јули и август или доколку за овие месеци не е исплатена да се достави потврда за последна исплатена плата.За вработените во државни и јавни установи потврда од плата заверена од овластен орган, а за вработени во приватни фирми потврда од плата и заверена декларација за прием на плата.

- За разведени доказ за развод или доколку кандидатот прима алиментација истата да се прикаже како приход.
- За починати родители доказ од умреница или доколку кандидатот прима пензија истата да ја прикаже како приход

- За невработените да се достави потврда од Агенција за вработување дека се евидентират како невработени
- За браќа/сестри на кандидатот кои се ученици/студенти потврда од училиштето или факултетот
- За корисниците на социјална помош да се достави последно решение или чек

8.Изјава на кандидатот дека не е корисник на друга стипендија или кредит

9.Изјава за точни податоци во приложена документација

10.Изјава за семејна положба

11.Изјава за лични податоци

12.Фотокопија од уверение за државјанство на Република Северна Македонија

. Член 6

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Конкурсот за доделување стипендии се објавува на огласна табла и на интернет страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk .

Конкурсот за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка ќе содржи:

- видот и бројот на стипендии

- условите и критериумите за доделување на стипендиите

- потребните документи кои кандидатот треба да ги приложи кон пријавата

- начинот, рокот на пријавување и место на поднесување на документи

- рокот за објавување на резултатите на кандидатите

Член 7

Пријавата и изјавите се поднесуват на образец изготвен од страна на комисијата за спроведување на постапката за доделување на стипендии и истите ќе бидат достапни во просториите на општината, како и на интернет страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk

Пријавата со потребните документи во затворен плик се доставува директно во архивата на Општина Крива Паланка.

Рокот за поднесување на документи ќе биде објавен во конкурсот.

Член 8

**НАЧИН НА ИЗБОР НА КАНДИДАТИТЕ**

Изборот на кандидатите ке го врши Комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Крива Паланка

Стипендиите ке се доделуваат врз основа на вкупен број на освоени бодови од успехот, освоените награди, материјалната состојба и комплетната документација.

Во случај на ист број на бодови, предност ке имаат кандидатите со

-Повисок успех,

-Повисок ранг на натпревар

-Пониски семејни примања

Член 9

Комисијата донесува конечна одлука за кандидати кои оствариле право на стипендија.

Член 10

Резултатите за кандидатите кои оствариле право на стипендија ќе бидат објавени на огласна табла во општина Крива Паланка и истите ќе бидат соодветно известени за добивање на правото на стипендија.

Член 11

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛИТЕ НА СТИПЕНДИЈА**

Ако подносителот на пријава за стипендија, кој го остварил правото на стипендија, се откаже или во рок од 8 (осум) дена од денот на објавените резултати не се јави, право на стипендија остварува кандидатот кој ги исполнува условите и е следен на ранг листата.

Член 12

**ДОГОВОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА**

Корисникот на стипендија склучува договор за доделување на стипендија со давателот на стипендија – Општина Крива Паланка, со кој поблиску се утврдуваат меѓусебни права и обврски.

Член 13

**НАЧИН НА ИСПЛАТА НА СТИПЕНДИЈА**

Стипендијата се исплатува за 9 (девет) месеци во годината (од 1- ви октомври до 30-ти јуни идната година) без месеците јули, август и септември.

Стипендијата се исплатува на трансакциска сметка на корисникот на стипендија.

Член 14

Корисникот на ученичка стипендија го губи правото на стипендија ако:

- не ја заврши годината на школување
- не запише година на школување
- го промени училиштето
- не го заврши школувањето во рокот предвиден во Статутот на образовната установа
- ја заврши годината на школување со успех помал од 4,5 (четириипол)
- добие стипендија или кредит од друга институција, установа или компанија
- двапати во текот на една учебна година му биде изречена педагошка мерка

Член 15

Корисникот на студентска стипендија го губи правото на стипендија ако:

- го прекине студирањето
- го промени статусот од редовен во вонреден студент
- го промени факултетот
- не достави потврда за запишана година на факултет
- не достави уверение за положени испити со просек не помал од 8,5(осумипол).
- добие стипендија или кредит од друга институција, установа или компанија
- престојува во странство

Член 16

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со стапување во сила на овој правилник престанува да важи правилникот со бр.09-2150/15 од 19.07.2021 година

Член 17

Овој правилникот стапува на сила со денот наобјавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка .

**Бр. 09-3680/5**
**17.07.2026 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за условите,критериумите и правилата за доделување на сипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Правилник за условите,критериумите и правилата за доделување на сипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 11-та седница, одржана на ден 17.07.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3680/6**
**20.07.2026 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24 ), како и согласно Програмата за активности од областа на образование за 2026 година, бр.09-6407/11 од 09.12.2025 година,Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 17.07.2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за талентирани студенти за студиската 2026/2027 година и четири стипендии за талентирани ученици-средношколци за учебната 2026/2027 година од Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Висината на стипендијата која се доделува на учениците и студентите наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денари месечно, а ќе се исплатува 9 месеци во студиската/учебната година, почнувајки од месец октомври заклучно со месец јуни.

**Член 3**

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за подршка на млади таленти за учебната 2026/2027 година, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии се утврдени со Правилник бр.09- донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на .2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3680/7**
**17.07.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 11-та седница, одржана на ден 17.07.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3680/8**
**20.07.2026 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), како и согласно Програмата за активности од областа на спорт за 2026 година бр.09-6407/9 од 09.12.2025 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на .2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и четири стипендии за ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училиште во Република Северна Македонија за учебната 2026/2027 година.

**Член 2**

Висината на стипендијата која се доделува на учениците наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денари месечно, а ќе се исплатува 9 месеци во учебната година, почнувајќи од месец октомври заклучно со месец јуни.

**Член 3**

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии се утврдени со Правилник бр.09-4665/19 од 07.12.2022 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3680/9**
**17.07.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

